**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,34 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да повелат да влезат во салата затоа што започнуваме со работа.

Ги замолувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците, но нема доволен број).

(Минуваат минути на чекање).

Ги повикувам пратениците во Собранието кои сеуште не влегле во салата да влезат затоа што ќе започнеме со работа.

(Минуваат минути на чекање).

Ги повикувам претаниците да влезат во салата за да можеме да започнеме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 96-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Трајко Вељаноски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Хазбије Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велиу, Данаил Дончев, Весна Бендевска, Илинка Митрева, Јани Макрадули, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Љубчо Георгиевски, Садула Дураку, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Констатирам дека на седницата присуствуваат 69 пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласалд 62 пратеника, за гласале 61, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме..

Гласале 66 пратеника, за гласале 66, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана господинот Еленовски, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Најпрвин дозволете ми на сите претставници на пратеничкиот дом и на сите вработени во Парламентот да им ја честитам Новата Година и нормално да си посакаме една срећна и успешна 2008 година.

Текстот на Одлуката што е пред вас, станува збор за стандардна ротација на нашата хеликоптерска единица. Станува збор за една мисија која успешно ја обавуваме како држава од средината на 2006 година во рамките на Мисијата на Европската унија Алтеа, така што и овој предлог што доаѓа за нејзино продолжување, континуитет на самата мисија, со тоа што до некаде вршиме редукција на нашите хеликоптерски капацитети, бидејќи како досегашните два во иднина предлагаме за да учествуваме со еден хеликоптер односно самата причина за намалување е консолидирањето на нашите хеликоптерски капацитети, бидејќи бара многу поголем ангажман и самото упатување на хеликоптерските капацитети, не станува збор за два, туку станув збор за најмалку 4-5 хеликоптери кои се постојано во мисија, бидејќи се ротираат и во време на самата ротација.

Исто така со хеликоптерите предлагаме екипа и тоа еден офицер за врска во Командата, 4 офицери, тука би замолиле, бидејќи како Министерство за одбрана, во Одлуката пишува шест подофицери, меѓутоа, сметаме дека, до

колку нормално Парламентот прифати, предлогот да биде зголемен за еден односно да бидат седум подофицери, упатуваме еден подофицер за превентивна медицина во самата единица, што до сега не беше случај и еден професионален војник.

Значи вкупно 13 припадници на вооружените сили на Република Македонија и еден хеликоптер во Мисијата Алтеа од јануари оваа година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Сакам да го соопштам ставот на СДСМ во однос на оваа одлука која е за испраќање единица на Армијата на Република Македонија во Мировната мисија во Босна и Херцеговина.

Знаеме дека кога станува збор за вакви меѓународни мисии СДСМ даваше поддршка со барање и по расправите по Буџетот и во сите други прилики навистина да обезбедиме и финансиски средства кои ќе можат да ги поддржат ваквите мисии, да бидат доволно опремени единиците и луѓето кои ќе бидат во ваквите мировни мисии заради тоа што ваквите мисии претставуваат една од најсветлите страни во делот на нашата интеграција кон НАТО алијансата.

Меѓутоа, мора да забележиме и во оваа одлука, како и за секоја одлука до сега, има една од точките во одлуката која гласи дека по завршувањето на секоја мировна мисија се поднесува извештај до Собранието на Република Македонија. Тоа до сега не беше направено од страна на Владата на Република Македонија, па би сакале, еве сега во Новата Година конечно да започнеме исто така со поддршка за донесување на една ваква одлука, меѓутоа и со одговорност од страна на Владата навистина барем еден извештај до сега по завршување на мировна мисија да се достави до Собранието, што е впрочем и обврска.

Инаку, ако само вака ги пишуваме членовите во одлуката, а Владата не ги почитува, навистина не е добро или одлучете се за едното или воопшто избришете го ваквиот член на Владата, па понудете пред Собранието дека не треба да се носат извештаи. Мислам дека од аспект на одговорност што го имате пред Собранието на Република Македонија не само пред пратениците, туку и пред македонската јавност би требало да се поднесе еден ваков извештај, а поддршката секако дека не само за оваа мисија, туку за сите мисии што ќе значат унапредување на односите на Република Македонија кон НАТО алијансата ќе бидат поддржани од СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелеге господине министре имате збор.

**Лазар Еленовски:** Во ред, забелешката се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам почитуван господине претседател, почитувани колеги, господине министер.

Ја користам приликата во мое име и во име на парламентарната група да ви ја честитам Новата Година на сите присутни исто така и на граѓаните на Република Македонија посакувајќи им една успешна година во насока на подобрување на животниот стандард и на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија и НАТО.

Во овие рамки во име на парламентарната група сигурно дека ние ја поддржуваме оваа акција на испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР Алтеа и секогаш ќе бидеме во поддршка на сите чекори кои не унапредуваат во нашиот пат кон интеграција во Европска унија и НАТО.

Веќе со години, уште од минатиот мандат Македонија од држава која имаше потреба за мировни единици, за стабилност, се претвори во држава која извезува безбедност и постојано учествува во рамките на мировните операции на НАТО било да се на НАТО или на Европска унија и од тој аспект ја поздравуваме улогата на Европска унија во Босна и Херцеговина во рамките на заедничката безбедносна политика и политика на одбрана на Европска унија и се надевам дека и во иднина за каква било владина коалиција да се работи или за каков било парламентарен состав сигурно дека ние и сите други сме едногласни во рамките на исполнување на овие обврски исто така и на мисиите кои во денешниот свет се повеќе од потребни.

Од овој аспект уште еднаш ќе истакнам дека нашата парламентарна група ја поддржува оваа одлука. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред предлогот да го ставам на гласање, уште еднаш ви обрнувам внимание на усната замолба на министерот, нашата единица која заминува за Босна и Херцеговина да биде составена од 13 наместо од 12 члена.

Би ве замолил и јас во мое име оваа замолба да стане составен дел од одлуката и во таа смисла ве повикувам да гласаме.

Гласаа 80 пратеници, сите 80 гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна

операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 96-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ја прекинувам работата на Собранието на пет минути заради пререгистрација.

(Седницата заврши во 11,55 часот).